**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Бр. 25-6635/2**
**6.09.2010 година**
**Скопје**

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/05 и 110/08), член 62 став (2) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08) и член 24 став (2) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/09, 16/10 и 105/10), постапувајки по барањето на Друштво за трговија и услуги ВЕУС ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДОО Велес бр.25-6635/1 од 06.09.2010 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ на правното лице за технички преглед Друштво за трговија и услуги ВЕУС ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДОО Велес, за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата од категориите M, N, O, на локација на ул. МошаПијаде бр.13 во Велес,** согласно член 24 став (3) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/09, 16/10 и 105//10),.

Образложение

Друштво за трговија и услуги ВЕУС ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДОО Велес, до Министерството за економија поднесе барање со кое бара овластување за правно лице за технички преглед за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата на локација на ул. МошаПијаде бр.13 во Велес, согласно член 24 став (1) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата. Кон барањето се поднесени следните документи согласно членовите 16, 17 и 18 од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата: Решение за овластување за вршење на правното лице Друштво за трговија и услуги ВЕУС ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДОО Велес да врши технички преглед на сите групи на категории на возила бр.19.11.1-83382/3 од 20.05.2010 година издадено од Министерство за внатрешни работи – Сектор за управно-надзорни работи од Скопје; Договор за закуп на деловен простор заверен на нотар бр.УЗП 1660/10 од 06.08.2010 година во Велес; Изјава од управителот на ВЕУС ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДОО Велес, за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата од категориите M, N, O, на локација на ул. Моша Пијаде бр.13 во Велес; копии од обрасците М1/М2 за дипл. маш. инг. Панов Тони со Потврда за положен стручен испит бр.25-5149/2 и дипл. инг. по патен сообраќај Дејан Коцев со Потврда за положен стручен испит бр.25-5152/2; доказ за склучен договор за осигурување - Полиса бр.130130000690 од 11.12.2009 година; и Внатрешни процедури за обезбедување на квалитет во постапките на работа.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/08) и Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/09, 16/10 и 105/2010), утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 62 став (2) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 101 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ..., 6/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО :** незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на економијата. Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

*МИНИСТЕР,*
*Фатмир Бесими*